Наративен извештај за март 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец март 2020 година, директорот на ЈП за државни патишта имаше намален обем на работните обврски, согласно со препораките на Владата и Министерството за задравство за потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во државите во светот.

Својата агенда директорот Зоран Китанов ја започна со посета на рехабилитација на државниот пат А1 делница, врска со 1103 (Возарци) Раец – Фариш, со цел проверка на реализацијата на остварувањата зацртани во Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2020 година. Посетата беше направена заедно со министерот за транспорт и врски Горан Сугарески. Оваа делница е долга 9,1 км. при што се обезбедени 1,56 милиони евра од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. Започнати се градежни активности, односно се гребе постоечкиот асфалт.

Исто така, директорот Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски Горан Сугарески остварија посета и на

повеќе делници во Струшкиот регион, каде што слободно може да констатираме дека ЈПДП може да се пофали со една голема градежна офанзива бидејќи се во тек повеќе рехабилитации на патишта, како и изградба и модернизација на дел од патната инфраструктура. Овие крупни инвестиции се реализираат преку Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2020 година. На увидот покрај директорот и министерот присуствуваше и градоначалникот на Вевчани, Сашо Јанкоски. Една од делниците кои беа посетени е Р2240 врска со Р1201 (Струга – Дебар) – Вевчани – Октиси – врска со А2 (Стругс – ГП Ќафасан) со должина од 7,9км. и вредност од 0,67 милиони евра кои средства се обезбедени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. Понатаму министерот, директорот и градоначалникот извршија увид и во изградбата на регионалниот пат крак 1 од Р 418 (фаза 2) на потег фабрика Вевчанка – Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани во должина од 1км. и вредност од 0,325 милиони евра, кои средства се обезбедени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. На споменатата делница започнато е со припремни и земјени работи. Исто така, теренски увид се направи и на рехабилитацијата на Р2243 делница Струга – Дрслајца – Биџево – Д.Татеши – Мислодежда која делница е долга 7км. и вредност од 0,6 милиони евра, а средствата се обезбедени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. На оваа делница започнато е со стругање и крпење дупки на патот.

Директорот Зоран Китанов на теренскиот увид во Охридско - Струшкиот регион напомена дека покрај овие започнати проекти, годинава се планира значително да се

подигне нивото на капиталните инвестиции за што се предвидени нови проекти за подобрување на целокупната инфраструктура во државата. Така што покрај изградбата на автопатот Кичево – Охрид како најкрупна инвестиција, ги спомена следните нови патни правци Охрид – Свети Наум, Струга – Ќафасан и други.

Исто така, директорот Китанов направи теренски увид на државниот пат Р 2134 делница Сопиште – Долно Соње, каде што започнаа градежните активности со гребење на постоечкиот асфалт, во должина од 3,7 км. и вредност од 0,26 милиони евра,  средства се обезбедени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.